РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04-1182/16
25.12.2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони бр.861/2025 и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 861/2025 бр.10-1982/13 од 19.12.2025 година, а заверен во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.04-1182/15 од 24.12.2025 година, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

ОДЛУКА
за избор на кандидат по објавен јавен оглас

1. За извршител на работното место Помошник раководител на сектор за маркетинг и комуникација во Сектор за маркетинг и комуникација, со шифра УПР0101Б03000, се избира кандидатот Габриела Филиповски со идентификациски код C437F26.
2. Именуваниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработен на ова работно место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното објавување.

Образложение

На ден 26.07.2025 година во дневните весници Слободен Печат, Вечер и Коха и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен јавен оглас број 861/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник на работното место Помошник раководител на сектор за маркетинг и комуникација во Сектор за маркетинг и комуникација, со шифра на работно место УПР0101Б03000.

Со Решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1982/7 од 20.11.2025 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација, формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.

Горенаведената Комисија започна со административна селекција на ден 02.12.2025 година и заврши на ден 02.12.2025 година за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1982/8 од 02.12.2025 година, а на ден 12.12.2025 година се спроведе испит за пријавените кандидати и се состави Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1982/11 од 12.12.2025 година.

По спроведената административна селекција и испит, на ден 19.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација Комисијата започна со спроведување на постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју и состави Записник од спроведената постапка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник број 10-1982/12 од 19.12.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидати бр.10-1982/13 од 19.12.2025 година, а заверен во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони под бр.04-1182/15 од 24.12.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
Д-р Гоце Димовски

________________________

Доставено до:

- Избраниот кандидат
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

Изработил: Ирена К. Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска